Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-28/7
26.07.2021 год
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-28/1 од 13.03.2020 поднесена од [redacted] - Битола, против А.Д. ЕСМ„РЕК"- Битола за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на работа и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од А.Д. ЕСМ „РЕК"- Битола Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.07.2021 г. го донесе следново

# **МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА** ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на возраст во областа на работа и работни односи од страна на А.Д. ЕСМ„РЕК"- Битола врз [redacted]

## **Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 13.03.2020 г, беше доставена претставка, од [redacted] со место на живеење на [redacted], Битола, против А.Д. ЕСМ„РЕК"- Битола, за сторена дискриминација, по основ на возраст и во областа на работа и работни односи.

Во претставката подносителот наведува дека врз него, како вработен на работно место со I степен, Основно Образование на работно место [redacted] во „ Подружница Рек Битола – Новаци" во „Сектор за производство" во „ ПЕ Рудници" во „ Рудник Суводол" во „Механизација" во „Одделение за експлоатација" на АД ЕСМ – Скопје му се откажува договорот за вработување, бр. [redacted] од [redacted]2018 г., и му се нуди нов договор за вработување, со образложение дека има потреба од извршител на работно место со сменска работа во одделението за одводнување во ПЕ Рудници - Рек Битола, кое одговара на видот и степенот на стручната подготовка. Подносителот смета дека со новиот договор, врз него е сторена дискриминација по возраст во областа на работа и работни односи од страна на работодавачот, смета дека припаѓа во ризични групи за сменска работа, со што се прави директна дискриминација, поради ангажирање на прекувремена и ноќна работа на машко лица со возраст над 59 г. Подносителот се повикува на одредба од *Законот за работни односи* чл.175. кој гласи: *На повозрасниот работник работодавачот без согласност на работникот не смее да му одреди прекувремена или ноќна работа* за што поднел приговор до Комисија за заштита на правата при АД ЕЛЕМ - Скопје на ден 21.12.2019 г.

Бидејќи не добил одговор од Комисија за заштита на правата при АД ЕЛЕМ – Скопје во разумен рок се одлучил да го оствари своето право, со постапка пред надлежен суд.

На 03 Јануари 2020 г. се обратил до Основниот суд Битола, на ден 06.11.2020 година истиот суд се произнел со пресуда заведена со број РО-23/20 во која се вели дека се усвојува тужбеното барање на [redacted], се поништува Одлуката за откажување на договорот за вработување и понуда на нов непроменет договор за вработување бр. 04-4/294-1 од 13..12.2019 година како незаконита и се поништува договорот за вработување бр. 04-4/294-2 од 13.12.2019 г, се задолжува тужениот АД за производство на електрична енергија Електрани на

Северна Македонија во државна сопственост Скопје, Подружница РЕК Битола од Скопје да го врати тужителот на работа согласно стручната спрема на работното место бр. 1600/390 ,,Сменски возач" во подружница РЕК Битола – Новаци во Сектор за производство во ПЕ ,, Рудник Суводол" во ,,Механизација" во ,, Одделение за експлоатација" на АД ЕСМ, согласно Договорот за вработување бр. [redacted] од [redacted] 2018 година и се задолжува тужениот да му ги надомести паричните трошоци на тужителот.

[redacted] се обратил и до Државниот Инспекторат на труд каде што е констатирано дека:

- Согласно одредбата од член 112 од КД на АД ЕЛЕМ, како и одредбите од ЗРО правата на заштита на повозрасни работници се загарантирани по основ на прекувремена и ноќна работа, која не смее да им се одреди без нивна согласност и правото на зголемен годишен одмор во траење од 3 работни дена.

[redacted] со жалба се обратил до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, од каде добил одговор дека Комисијата се прогласува за ненадлежна и предметот го препраќа до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

На 25.05.2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-28/2 до ,,А.Д. ЕСМ – Подружница РЕК Битола" Битола за писмено произнесување на потенцијалниот дискриминатор да се изјасни по наводите во претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето. На 30.06.2021 беше испратена Ургенција за изјаснување по претставката, на 07.07.2021 година беше испратена Ургенција за изјаснување по претставката до Основен Суд Битола, на 15.07.2021 година, испрати Ургенција до АД ЕСМ Подружница РЕК Битола – Новаци за дополнителна аргументација по претставката.

На 13.07.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на потенцијален дискриминатор, ,,А.Д. ЕСМ – Подружница РЕК Битола" Битола, која тврди дека: главната причина на која се повикува [redacted] е сменската работа, која истиот ја имал и пред новиот понуден договор, т.е бил *сменски возач,* по навршувањето на 59 години бил должен со изјава, да го извести работодавачот дека наполнил 59 години, тоа не го сторил што е спротивно на чл. 16 став 1 точка 12 од Колективниот договор на АД ЕСМ – во државна сопственост Скопје, каде стои: *„Доколку е повредено било кое право од работен однос на работникот истиот е во обврска до работодавачот да достави писмено барање за исполнување на неговите права пред да поведе било каква постапка против работодавачот пред надлежни органи, судови или други органи"*. Во овој случајот [redacted] завел спор пред Основен суд Битола и постапил спротивно на чл 16 став 1 точка 12, бидејќи не го известил работодавачот за евентуални повреди од работен однос.

На 16.01.2020 година, од страна на надлежни служби, извршен е вонреден инспекциски надзор од областа на работните односи во кој е констатирано дека при надзорот не е утврдена повреда на материјалното право, поради што барањето за одлагање на извршување на одлуката бр. 04-4/294/1 од 13.12.2019 е неоснована и дека на [redacted] од 20.06.2021 година со

одлука бр. 04-2434/2 од 16.06.2021 година, му е откажан договорот за вработување поради исполнување на услов за пензија.

Видно од доставените докази во претставката, се гледа дека подносителот се придржувал до законските обврски предвидени во Колективниот договор од Декември 2018 година чл. 16, став 1, точка 12, со тоа што поднел приговор до Комисијата за заштита на правата, веднаш по добивањето на понудениот нов договор, за ангажирање во сменска и прекувремена работа на машко лице постаро од 59 години, од како добил негативен одговор од надлежните органи во самата организација, се обидел да бара правни лекови за остварување на своите права, надвор од самата работна организација.

Согласно наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај има повреда на правото на еднаквост, односно ,,А.Д. ЕСМ – Подружница РЕК Битола" Битола, во својство на работодавач **извршил дискриминација** врз основа на **возраст** во областа работа и работни односи, поради:

Утврдена е повреда согласно член 72 од ЗРО, бидејќи не е наведен основот за отказ, утврден со закон, колективен договор и акт на работодавачот. Утврдена е повреда во чл 78 од ЗРО бидејќи на работникот, мора да му се овозможи да се изјасни за новиот променет договор за вработување во рок од 15 дена од денот на приемот на понудата, што не е сторено во овој случај. Согласно чл. 162 став 4 и 5 од ЗРО како специфични и ризични групи се сметаат и повозрасните работници, работодавачот е должен кај сите работи на работни места поврзани со специфичен ризик од изложување на работници на штетно дејство на физичките, хемиските и биолошки фактори, влијанија и процеси да ги процени сите ризици за нивната безбедност и здравје и врз основа на стручна процена на соодветниот лекар за здравствената состојба, да одлучи за усвојување на соодветни мерки.

Утврдени се повреди во чл. 179 од ЗРО, и чл 17 став 1 алинеја 8 од Законот за безбедност и здравје, чл 22 став 1 од истиот закон кој вели: работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеци. Работодавачот не дава образложение по кои критериум го избрал [redacted] за извршител на работни задачи со зголемен ризик како повозрасен работник, кој ужива посебна заштита согласно ЗРО.

Согласно чл.25 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, товарот на докажување преминува на потенцијалниот дискриминатор ,,А.Д. ЕСМ – Подружница РЕК Битола" Битола, кој не направи веројатно дека не е дискриминатор во предметниот случај и од тие причини, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот со

## П Р Е П О Р А К А

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на доставениот доказен материјал по предметната претставка од страна на [redacted] против ,,А.Д. ЕСМ – Подружница РЕК Битола" Битола, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација чл. 21 ст.1 точка 14. му препорачува на потенцијалниот дискриминатор ,,А.Д. ЕСМ – Подружница

РЕК Битола" Битола, да не му се случи во иднина дискриминаторски однос кон вработен по ниеден основ и во ниту една област.

Скопје
26.07.2021

Претседателка
**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

**Доставено:**

-„А.Д. ЕСМ – Подружница РЕК Битола"-Новачки Пат ББ

- [redacted]